GEORGIEVSKI MIROSLAV-MIRO

ILUSTRIRANA BIOGRAFIJA

# ALEKSANDAR MAKEDONSKI



EPIZODA

## TRAKIJA

UREDNIK
ELIZABETA HAXI - STOJANOVA KOSTURSKA

Кралот Филип е во постојана војна со Атињаните. Но, настануваат проблеми и од исток. Тракијците постојано упаѓаат на македонска територија и немилосрдно ограбувааат. Кралот му се обраќа на Аристотел




Филозофот Аристотел се труди да му го пренесе на Александар сето свое знаење за вештините во владеењето. Во последните подуки, тој го вклучува и стариот филозоф Исократ за да го подготват Александар за својот прв самостоен настап како владетел




Борбената среќа на кралот Филип е променлива. Но, најпосле Хелеспонт (Дарданели), се освоени. Градовите во Тракија еден по друг, паѓаат без борба




Територијата на Тракија е освоена сѐ до Црното Море. Кралот Филип се враќа во Пела. Првата информација што сака да ја добие е за тоа како Александар ги совладал државничките вештини



На местото на разурнатиот град Кемел (Пловдив), кралот Филип ја гради новата престолнина на Тракија. Ја нарекува Филипи. Александар ја избира локацијата, а учествува со свои идеи и во текот на изградбата. Тој е назначен за нов управител на провинцијата




Кралот Филип го свикува советот кој го сочинуваат претставници на тракиските градови и им го претставува новиот управител. Така, Александар на свои седумнаесет години отпочнува со државничка работа




Александар почнува да управува со Тракија. Во своето владеење ги користи советите и сето знаење стекнато од Аристотел. На сите клучни места во провинцијата назначува Тракијци, освен во војската каде го става Антипатер




Тракијците само по неколку месеци ги почувствувале предностите на мудрото владеење на младиот Александар

